- Сектор млади -

Врз основа на член 28 точка 8, член 29 точка 11 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19,154/19 и 121/24) а во врска со Деловникот за работа на Комисијата за избор на младински делегат од Републиика Северна Македонија во работа на Обединетите нации, нејзините тела и комисии арх.бр. 08-5325/1 од 16.7.2025 година, министерот на Министерство за социјална политика, демографија и млади донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 08-2855/2
30-03-2026 20 год. / viti

# РЕШЕНИЕ

За избор на младински делегат од Република Северна Македонија во работата на Обединетите нации (Младински делегат во ОН, UN Youth Delegate), нејзините тела и комисии

## Член 1

За Младински делегат на Република Северна Македонија во Обединетите нации се избира Георгина Коминовска

## Член 2

Избраниот Младински делегат ќе ја обавува оваа функцијата во период од 36 месеци од моментот на избор, од кои 24 месеци активно вршејќи ја улогата на Младински делегат и 12 месеци менторство на следниот младински делегат.
Во текот на неговиот мандат, младинскиот делегат е должен да присуствува на состаноците предвидени во програмата на ОН за младински делегати и на истите активно да учествува и придонесува. Младинскиот делегат е должен да ги претставува интересите на младите и состојбите поврзани со ситуацијата на младите во Северна Македонија. Делегатот треба да биде во редовна консултација со Канцеларијата на постојаниот координатор на ОН во Република Северна Македонија, со цел информирање, размена на информации и вклучување во релевантни процеси.

Младинскиот делегат има обврска да се консултира со релевантните претставници од младинскиот сектор и клучни национални институции и партнери - Кабинет на Претседателот на Владата, Министерство за социјална политика, демографија и млади и формите на младинско учество.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Младинскиот делегат има обврска да учествува на состаноците на Младинскиот консултативен одбор на тимот на ООН во РСМ.
Младинскиот делегат на ОН има обврска по секое учество на меѓународна активност на ОН да подготви извештај со информации за настанот, главните точки на дискусија и заклучоци, како и конкретниот придонес на младинскиот делегат во активноста и во рок од 14 дена по завршување на активноста да го достави до Секторот млади при Министерство за социјална политика, демографија и млади, Советникот на Претседателот на владата за младински прашања, Министерството за надворешни работи,Националниот младински совет, како и претставниците и телата на Обединетите нации во земјата (Канцеларија на постојаниот координатор на ОН, УНФПА и УНИЦЕФ). Националниот младински совет, има обврска да го сподели извештајот со сите младински организации- членки.

По истекот на 24-месечниот период Младинскиот делегат избран со ова решение продолжува да служи како ментор на ново избраниот Младински делегат согласно програмата за работа која ја доставил и врз основа на која е избран на Јавниот повик со цел да се создаде квалитена база на млади луѓе кои ќе се консултираат во процесот на креирање младински политики и интегрирање во домашни и меѓународни процеси. Ангажманот како ментор на ново избраниот Младински делегат е во траење од најмалку една година.

Член 3

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапката за избор извршена со Решение арх. бр. 08-4014/1 од 19.05.2025 врз основа на член 5 од Деловникот за работа на Комисијата за избор на младински делегат од Републиика Северна Македонија во работа на Обединетите нации, нејзините тела и комисии арх.бр. 08-5325/1 од 16.7.2025 година, при што сите членови активно учествуваа во процесот на оценување и одлучување.

Изборот е извршен врз основа на спроведена транспарентна и конкурентна постапка, која опфати:


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- јавен повик за пријавување на кандидати
- административна/ комисиска проверка на доставените апликации,
- поединечно бодување од страна на членовите на Комисијата,
- утврдување на ранг листа на кандидати,
- спроведување на интервјуа со највисоко рангираните кандидати,
- финално бодување и усогласување на резултатите.

Врз основа на вкупните бодови и дадените оценки, Комисијата предложи избор на кандидатот од став 1 на ова решение.

Комисијата изврши рангирање на кандидатите врз основа на однапред утврдени критериуми со Одлука за реализација на постапка за избор на младински делегат од Република Северна Македонија во работата на Обединетите нации, нејзините тела и комисии арх. бр. 08-2498/1 од 18.03..2025 и Деловникот за работа на Комисијата за избор на младински делегат од Републиика Северна Македонија во работа на Обединетите нации, нејзините тела и комисии арх.бр. 08-5325/1 од 16.7.2025 година по што беа спроведени интервјуа со највисоко рангираните кандидати. По сумирање на резултатите од интервјуата и поединечните оценки, беше утврдена конечна ранг листа.
Согласно тоа, Комисијата едногласно/со мнозинство гласови го предложи кандидатот наведен во член 1 од ова решение.
Врз основа на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решението донесено во Министерството за Социјална политика, демографија и млади на ден 30-03-2026 под арх. бр. 08-2855/2

Министер,

**Fatmir Limani**

Изработил /Përpiloi: Пулексенија Јованоска, помлад соработник
Превод/Përkthimi:
Одобрил/Miratoi: Арта Сулејмани, Раководител на Одделение / Udhëheqëse Sektori
Согласен/ Pajtohet: Fatmir Sabriu, Државен секретар/ Sekretar Shtetëror